UDK 347.965.42:341.241.8(265.727)

# СИНГАПУРСКАТА КОНВЕНЦИЈА: НОВ ПРЕДИЗВИК ВО МЕДИЈАЦИЈАТА

**Зорица Стоилева**
Докторант по граѓанско процесно право, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје,
Правен факултет„Јустинијан Први"- Скопје,
E-mail: stoileva_zorica@yahoo.com

**Дијана Ѓоргиева**
Докторант по граѓанско процесно право, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје,
Правен факултет„Јустинијан Први"- Скопје,
E-mail: dgorgieva64@yahoo.com

**Апстракт**
На 26 јуни 2018 година Комисијата за меѓународно трговско право на Обединетите Нации (ОН) ја одобри Конвенцијата за меѓународни спогодби кои произлегуваат од медијација (Сингапурската конвенција), а на 20 декември 2019 година Генералното собрание на ОН ја усвои конвенцијата која ќе стане обврзувачка за земјите членки во зависност од нивното прифаќање и ратификација. Целта на овој инструмент е промовирање на извршноста на меѓународните спогодби кои произлегуваат од медијација на истиот начин на кој Њујоркшката конвенција за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки го олеснува признавањето и извршување на странските арбитражни одлуки. Токму поради ова предмет на овој труд ќе биде критичка анализа на Конвенцијата за меѓународни спогодби кои произлегуваат од медијација и потенцијалните реформи кои таа ќе ги предизвика во македонското медијациско процесно право.

**Клучни зборови**: *медијација, спогодба, конвенција*.

# SINGAPORE CONVENTION: A NEW CHALLENGE IN MEDIATION

**Zorica Stoileva**
Doctor of Civil Procedure Law, Ss. Cyril and Methodius "- Skopje, Faculty of Law" Iustinianus Primus "- Skopje,
E-mail: stoileva_zorica@yahoo.com

**Diana Gorgieva**
Doctor of Civil Procedure Law, Ss. Cyril and Methodius "- Skopje, Faculty of Law" Iustinianus Primus "- Skopje,
E-mail: dgorgieva64@yahoo.com

**Abstract**
On June 26, 2018, the United Nations Commission on International Trade Law approved the final draft of the of the Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation (the Singapore Convention) and on December 20, 2018, the UN General Assembly adopted the Convention, which will become binding on member states pending their acceptance and

ratification. This instrument aim to promote the enforceability of international commercial settlement agreements reached through mediation in the same way that the New York Convention facilitates the recognition and enforcement of international arbitration awards. This paper provides a critical analysis of the Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation and the potential reforms it will cause in the Macedonian mediation procedural law.

**Key words**: *mediation, settlement agreement, convention*

## 1.Вовед

Сингапурската конвенција за медијација е нов инструмент креиран од Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право UNCITRAL. Целта на донесувањето на Сингапурската конвенција за медијација првенствено е промовирање на медијацијата како алтернативен начин за решавање на споровите, но и создавање на униформен и ефикасен систем за признавање и извршување на спогодбите донесени во медијациските постапки со кои се надминуваат одредени меѓународни трговски спорови. Практичен инспиратор за донесување на овој soft law инструмент во медијациското процесно право е Њујоршката конвенција за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки од 1958 година поради олеснетиот режим за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки кој таа го регулираше, а догматски инспиратор претставува неопандектната школа која преку законски позитивизам се бори за создавање на единствен светски пазар. Оттука со ратификувањето, прифаќањето, одобрувањето и пристапувањето кон Сингапурската конвенција за медијација се очекува да се постигне олеснување на режимот на меѓународната трговија што pro futuro треба да биде значаен чекор кон изградба на глобален трговски систем, но и популаризирање на медијацијата како алтернативен начин за решавање на споровите на едно повисоко ниво.

## 2. Изработка, одобрување и донесување на Сингапурската конвенција за медијација

Идејата за изработка на Сингапурската конвенција за медијација за прв пат беше отворена во 2014 година од страна на Втората работна група на Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право UNCITRAL.[1]Амбицијата за донесување на Сингапурската конвенција за медијација се отвори во рамки на Обединетите нации и покрај првичниот скептицизам на комунитарното право кон изготвувањето на овој инструмент.[2] Потребата поради која Втората работна група на Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право UNCITRAL тргна кон изработка на Сингапурската конвенција за медијација е недостатокот на прекуграничен механизам за давање на правен ефект на интернационалните медијациски спогодби, но и поради самиот факт што интернационалните медијациски спогодби се извршуваат многу потешко од националните. Токму поради ова по четиригодишна макотрпна работа на "научното право" на повеќе од 85 држави и 35 владини и невладини организации на 26 јуни 2018 година Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право UNCITRAL, ја одобри Сингапурската конвенција за медијација (оригинален назив: Конвенцијата за меѓународни спогодби кои

[1]Verbist H.; *Instruments* on *Enforcement of International Commercial Settlement Agreements Resulting from Mediation,* Forum for International Conciliation and Arbitration, Brussels, 2018, p. 3-4.
[2]Schnabel T.; *The Singapore Convention on Mediation: A Framework for the Cross-Border Recognition and Enforcement of Mediated Settlements,* 19 Pepp. Disp. Resol. L.J. 1, 2018, p. 5.

произлегуваат од медијација; скратено: Сингапурска конвенција за медијација).[3] Сингапурската конвенција за медијација по ова беше усвоена од Генералното собрание на Обединетите нации на 20 декември 2019 година.[4] Од 1 август 2019 година[5] Сингапурската конвенција за медијација ќе биде отворена за ратификација за секоја држава и/или регионална економска интеграција[6]. Сингапурската конвенција за медијација ќе влезе во сила шест месеци по депонирањето на третиот инструмент за ратификација, прифаќање, одобрување и пристапување.[7] При ратификувањето на оваа Конвенција секоја држава, групи на држави или регионална економска интеграција може да предложи амандман[8] на оваа Конвенција до генералниот секретар на ОН, или пак, одредена резерва[9] при ратификувањето, прифаќањето или одобрувањето на Конвенцијата. Самото прифаќање на Конвенцијата не е неотповикливо односно секоја држава, група на држави или регионална економска интеграција може со службено писмено известување да се откаже од Конвенцијата.[10] Отказот може да се ограничи и на одредени територијални единици од нееединствениот правен систем на кој се применува оваа Конвенција. Поради предностите кои ги нуди Сингапурската конвенција за медијација pro futuro се очекува да биде реалност и на македонскиот правен етер.

## 3. Цели на Сингапурската конвенција за медијација

Примарна цел на Сингапурската конвенција за медијација е да ја промовира медијацијата како начин за решавање на меѓународните трговски спорови.[11] Ова затоа што медијациската постапка како фацилијациски начин за решавање на споровите е многу побрз и поефикасен начин за решавање на трговските спорови во однос на државното или арбитражното решавање на споровите.[12] Токму поради ова основна амбиција на Сингапурската конвенција за медијација е да ја потенцира сигурноста на постапката за медијација со цел странките да стекнат доверба во овој механизам за вонсудско решавање на споровите.[13] Ова се јавува како неопходно затоа што во пракса странките ретко не ги почитуваат договорите склучени во медијациските постапки посебно оние склучени во рамки на реномираните медијациски центри. Токму поради ова се отвора потребата за постоење на инструмент кој ќе овозможи побрзо извршување на медијациските спогодби со странски елемент затоа што во

[3] На англиски јазик United Nations Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation.

[4] United Nations, *Report of the United Nations Commission* on *International Trade Law,* Fifty-first session (25 June–13 July 2018).

[5]United Nations Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation, art. 11.

[6]United Nations Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation, art. 12.

[7]United Nations Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation, art. 14.

[8]United Nations Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation, art. 15.

[9]United Nations Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation, art. 8.

[10]United Nations Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation, art. 16.

[11] Неспорно, медијацијата како начин за решавање на споровите во моментов низ светот не секаде е популарна. Се чини токму поради ова Сингапурската конвенција за медијацијае опционален инструмент односно истата не се наметнува како задолжителен инструмент (пр: регулатива на граѓанското процесно право на ЕУ). Ова во огромна мера е рефлексија на сваќањето на комунитарното право дека во моментов не може да се постигне хармонизирање на правилата за извршување на медијациските спогодби.

[12] За предностите на медијацијата како начин за решавање на споровите со човечки лик, но и за видовите на медијациски постапки повеќе Видете кај: Зороска Камиловска Т.; *Медијацијата како алтернатива на судењето – нека спорот стане договор,* Зборник на Правниот факултет Јустинијан Први во Скопје, Скопје.

[13] Кога се користи терминот "медијација" во Сингапурската конвенција за медијација овој термин треба да се толкува автономно односно поширокo во согласност со чл 2. став 3 од текстот на Конвенцијата, а не во согласност со lex nationalis procesus. Ова значи дека под чадорот на медијацијата влегуваат сите постапки во кои трето неутрално лице различно од странките помага во решавањето на спорот без да наметне свое решение, како на пример мирење, преговори и слично.

меѓународната трговија времето е пари.[14] Сингапурската конвенција за медијација во контекст на ова има за цел да го олесни режимот на извршување на интернационалните медијациски спогодби (медијациските спогодби со странски елемент) издигнувајќи ги на ранк на судска или арбитражна одлука и на овој начин треба во предизвика слободно движење на медијациските спогодби со странски елемент насекаде во светскиот трговски пазар. Ова го прави преку елиминирање на постапката за егзекватура во државата во која треба да се изврши медијациската спогодба затоа што верува дека само на овој начин може да "заживее" медијацијата како начин за решавање на споровите и во бизнис секторот. Хармонизираниот систем за извршување на медијациските спогодби се очекува да дејствува и како меч, но и како штит. Како меч затоа што медијациската спогодба со странски елемент потенцијално може да стекне својство на извршна исправа, но едновремено медијациската спогодба со странски елемент би била и средство за одбрана од нова тужба пред државен или арбитражен суд за иста или конектирана правна работа.Токму поради ова се чини со право некои процесуалисти Сингапурската конвенција за медијација ја нарекуваат "Њујоршка конвенција за медијација"[15].

## 4. Подрачје на примена на Сингапурската конвенција за медијација

Сингапурската конвенција за медијација ratione materiae се применува на спогодби кои произлегуваат од медијација и кои странките ги склучиле во писмена форма заради решавање на трговски спорови, спогодби кои во време на склучувањето имале меѓународен карактер.[16] Ова на кратко значи дека спогодбата за да може да се изврши според режимот на Сингапурската конвенција за медијација мора да биде медијабилна, склучена во писмена форма, да се однесува натрговски спор и да е интернационална. Спогодбата е медијабилна доколку е склучена во медијациска постапка. Терминот медијациска постапка метафизички ја опфаќа секоја постапка во која трето неутрално лице им помага на странките во решавање на спорот без притоа да наметне своја одлука. Ова значи дека медијабилна би била и спогодбата постигната во постапка за мирење, преговарање како и секоја друга фацилијациска АДР метода. Ова затоа што терминот "медијациска постапка" Сингапурската конвенција за медијација го употребува како најчесто користен термин, но го толкува автономно.[17]Притоа Сингапурската конвенција за медијација не прави разлика во однос на тоа дали медијациската спогодба била постигната во медијациски центар или пак не. Сингапурската конвенција за медијација не се однесува на спогодби и договори кои ги одобрил суд или биле склучени во текот на судските постапки, кај медијациски спогодби кои се извршни како пресуди или арбитражни одлуки во државата на тој суд со цел да се спречи судир со Хашката конвенција за избор на судска спогодба од 2005 година[18] како и кај договорите за арбитража кои се евидентирани и кои се извршни како арбитражни одлуки. Одовде може да се забележи дека Сингапурската конвенција за медијација не ги дерогира

---

[14] Одовде се чини оправдано се верува дека непостоењето на механизам за давање на правен ефект на медијациските спогодби со странски елемент е опасна бариера некои бизнис субјекти да ја користат медијацијата како начин за решавање на споровите.

[15]O'Neill J.;*Thenew Singapore Convention*: *will it be the New York Convention for mediation*?, Thomson reuters, 2018, op.cit. p. 1.

[16] United Nations Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation, art. 1.

[17] Сингапурската конвенција ќе го добие насловот Сингапурска конвенција за медијација дури по Извештајот на Втората работна група на UNCITRAL од 2018 година. За ова повеќе Видете: *United Nations, Report of the United Nations Commission* on *International Trade Law,* Fifty-first session (25 June–13 July 2018).

[18]ВоврскасоовападеталноВидете: Hague Convention on Choice of Court Agreements, 2005.

одредбите на Њујоршката конвенција за признавање и извршување на арбитражните одлуки, ниту пак одредбите на Хашките конвенции за меѓународно приватно право. Сингапурската конвенција за медијација бара спогодбата да биде склучена во писмена форма и потпишана од странките за да се задоволи извесно ниво на сигурност и формалност со цел да се постигне доверба во ефектот на одлуката, а секако и за да се избегне можноста за злоупотреби доколку се склучи само во усна форма. Писмената форма е важна за да може, доколку е потребно, полесно да се докаже содржината на медијациската спогодба. Конвенцијата не ја исклучува ниту можноста спогодбата за медијација да биде склучена од странките и електронски, преку размена на меилови со електронски потписи. Следен услов кој го поставува Конвенцијата е со спогодбата да се решава трговски спор.Ова значи дека таа рестриктивно важи само за трговски спорови при што трговски спорови најчесто би биле инвестициските, градежните и спорови за искористување на природни ресурси. Од подрачјето на примена на Конвенцијата изречно се исклучени споровите кои произлегуваат од трансакции во кој од една страна учествува потрошувач за лични, семејни или куќни цели или за односи од семејно, наследно и работно право. Интернационалноста значи дека во време на склучување на медијациската спогодба таа треба да има меѓународен карактер односно најмалку две странки во спогодбата да имаат место на вршење на бизнис (работење) во различни држави или пак државата во која странките на спогодбата има свое седиште на бизнис (работење) да се разликува од државата во која вршат значаен дел од обврските на спогодбата или државата со која предметот на спорот е најблиску поврзан.

## 5. Режим за извршување на медијациските спогодби

Основен принцип на Сингапурската конвенција за медијација е дека секоја странка на Конвенцијата е должна да ја изврши спогодбата донесена во медијациската постапка во согласност со сопствените процесни правила, но и во согласност со условите кои се предвидени со Сингапурската конвенција за медијација.[19] При ова доколку предметот на спогодбата е прашање за кое една од странките тврди дека веќе е решено со спогодба, другата странка е должна да ѝ дозволи да ја отповика медијациската спогодба во согласност со нејзините правила за постапување и во согласност со условите на Сингапурската конвенција за медијација.[20]Ratio за ова решение на Конвенцијата е забраната за решавање на прашање за кое веќе е решено (принципот ne bis in idem). Странката која бара извршување на медијациската спогодба задолжително до надлежното тело на државата во која се бара извршување на медијациската спогодба треба да достави: 1) спогодбата која странките ја потпишале, 2) доказ дека спогодбата настанала во медијациска постапка како што е потпис на медијаторот на спогодбата[21] (поретко) односно документ потпишан од медијаторот во кој се наведува дека медијацијата е извршена (најчесто), 3) потврда од установата која ја водела медијациската постапка или 4) било кој друг доказ прифатлив за надлежното тело.[22]Најчесто

[19]United Nations Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation, art 3.

[20]United Nations Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation, art 3. Како доказ се очекува странките најчесто да доставуваат документ потпишан од медијаторот во кој се наведува дека медијацијата е извршена, а не потпис на медијаторот на спогодбата затоа што медијаторите нема да сакаат да бидат вклучени во постапките за извршување по завршување на медијациската постапка.

[21]Сингапурската конвенција за медијација не им наметнува обврска на државите потписнички да извршат промени на граѓанските медијациски процесни законодавства во насока медијаторот да мора да ја потпише медијациската спогодба, ниту пак наметнува (регулира) точно одреден формален документ кој треба да биде потпишан од медијаторот во кој се наведува дека медијацијата е извршена.

[22]United Nations Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation, art 4.

друг доказ прифатлив за надлежното тело би бил документ кој докажува дека медијаторот бил исплатен за медијациските услуги од странките, односно, дека медијацијата навистина се случила под медијација на конкретниот медијатор/медијатори. Надлежното тело на државата во која се бара извршување по приемот на барањето за извршување на медијациската спогодба треба да постапува брзо. Доколку спогодбата не е напишана на службен јазик на страната на Конвенцијата во која се бара извршување може да се бара и превод на тој јазик. По примот на барањето доколку истото ги задоволува условите за извршување предвидени во националното извршно процесно право на државата во која се бара извршувањето и условите на Сингапурската конвенција за медијација ќе се спроведе постапка за извршување. Доколку пак не се задоволени условите за извршување на медијациската спогодба во државата на извршувањето барањето ќе биде одбиено. Во согласност со Сингапурската конвенција за медијациски спогодби основни причини поради кои може да се одбие извршувањето на спогодбата склучена по пат на медијација се следниве: неспособност на странката во спогодбата за медијација, неизвршност на медијациската спогодба според важечкиот закон, неконечност на медијациската спогодба, доколку медијациската спогодба не обврзува според сопствените услови, ако обврската која произлегува од медијациската спогодба претходно била извршена, обврската која произлегува од спогодбата донесена во медијациската постака не е јасна или не е разбирлива, во текот на донесувањето на медијациската спогодба медијаторот сериозно ги прекршил стадиумите на медијацијата[23], доколку медијаторот не успеал да открие дека постојат факти или околности кои создаваат оправдано сомневање за непристрасност или независност, доколку извршувањето на медијациската спогодба е во спротивност со јавната политика на државата потписничка во која се бара извршување, доколку предметот на спорот не е медијабилен според законот на државата потписничка на Конвенцијата.[24] Ако се направи анализа на причините кои Сингапурската конвенција за медијација ги регулира како услови поради кои може да се одбие извршувањето на спогодбата склучена во медијациска постапка може да се дојде до заклучок дека тие се креирани во духот, односно под инфлуенца, на причините за одбивање на признавање и извршување на арбитражна одлука кој ги регулира Њујоршката конвенција за признавање и извршување на странски арбитражни одлуки. Одовде може да се забележи дека амбиција на UNCITRAL еЊујоршката конвенција за признавање и извршување на странски арбитражни одлуки и Сингапурската конвенција за медијација да егзистираат како меѓусебно комплементарни институти кои взаемно не се исклучуваат туку се надополнуваат со цел креирање на единствен светски трговски пазар.Од друга страна може да се забележи дека Сингапурската конвенција за медијација оперира само со терминот "извршување на медијациските спогодби", а не "признавање и извршување на медијациските спогодби" што значи дека не наметнува никаква обврска на државата или економската интеграција во која се бара извршувањето да испитува дали се задоволени формалностите за признавање на медијациската спогодба. Ова се прави со цел зголемување на степенот на доверба во медијациските работи, но и побрзо извршување на медијациските спогодби кој стекнале својство на извршен наслов. Во овој дел Сингапурската конвенција за медијација се чини е инспирирана од регулативите на

[23] Според Phillips оваа причина за одбивање на извршување на медијациските спогодби треба да биде поттик за донесување на Модел стандарди за однесување на медијатори во медијациските постапки. Phillips F. Peter.; *Concerns on the New Singapore Convention*, Business Conflict Blog, 2018, p. 1.
[24] United Nations Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation, art 8.

Европската Унија кои овозможуваат слободно движење на европските извршни наслови во Заедницата (Регулативата 44/2000 од 22.12.2000, за јурисдикцијата и признавањето и извршувањето на судските одлуки во граѓанските и трговските работи, Регулативата 805/2004 од 21.4.2004 година за создавање Европска извршна исправа за неспорни побарувања, Регулативата 1896/2006 од 12.12.2006 година за создавање на Европска постапка за платен налог). Токму поради ова pro future односно кога ќе бидат создадени услови за тоа се очекува спогодбите донесени во постапките за медијација да може да се признаат како извршни наслови и во секундарното право на Европската Унија.

## 6. Потенцијално влијание на Синагапурската конвенција за медијација во македонското медијациско процесно право

Сингапурската конвенција за медијација има голем потенцијал да влијае позитивно врз идниот развој на македонското медијациско процесно право. Ова затоа што овој инструмент ќе води кон популаризирање на решавањето на меѓународните трговски спорови по пат на медијација особено во македонскиот бизнис сектор. Ова затоа што Сингапурската конвенција за медијацијаќе ги реши проблемите со извршувањето на меѓународните спогодби кои прозлегуваат од медијација така што ќе ги обврзе надлежните органи да ги спроведуваат спогодбите кои прозлегуваат од медијацијаво други странски јурисдикции. Имено, самото прифаќање на оваа Конвенција, значи дека медијациски спогодби потпишани во Македонија кои имаат странски елемент слободно без никакви дополнителни услови ќе може да се извршуваат во странство што секако на бизнис заедницата ќе го сврти погледот кон медијацијата. Со самото ова бројот на склучени спогодби за медијација во медијациските центри или пред ad hoc медијаторите се очекува да се зголемува. Ова затоа што режимот за извршување на овие медијациски спогодби во странство ќе биде многу поповолен отколку режимот за извршување на спогодбите за медијација со странски елемент склучени во текот на судските постапки. Од друга страна, се чини не постојат никакви пречки во македонското извршно процесно право за ратификување на овој инструмент затоа што истиот не бара некои реформи во македонското извршно процесно право ниту пак е во контрадикторност со одредбите за одбивање на извршувањето кои ги регулира македонското меѓународно извршно процесно право.

## 7. Заклучок

Конвенцијата за меѓународни спогодби кои произлегуваат од медијација т.е Сингапурска конвенција за медијација треба да создаде хармонизиран и ефикасен систем за признавање и извршување на спогодбите донесени во медијациските постапки со кои се надминуваат одредени меѓународни трговски спорови. Сингапурската конвенција за медијацијасе очекува да се применува на спогодби кои произлегуваат од медијација и кои странките ги склучиле во писмена форма заради решавање на трговски спорови, спогодби кои во време на склучувањето имале меѓународен карактер.Основен принцип на Сингапурската конвенција за медијација е дека секоја странка на Конвенцијата е должна да ја изврши спогодбата донесена во медијациската постапка во согласност со сопствените процесни правила, но и во согласност со условите кои се предвидени со Сингапурската конвенција за медијација.Странката која бара извршување на медијациската спогодба задолжително до надлежното тело на државата во која се бара извршување на медијациската спогодба треба да достави: 1) спогодбата која странките ја потпишале, 2) доказ дека

спогодбата настанала во медијациска постапка како што е потпис на медијаторот на спогодбата (поретко) односно документ потпишан од медијаторот во кој се наведува дека медијацијата е извршена (најчесто), 3) потврда од установата која ја водела медијациската постапка или 4) било кој друг доказ прифатлив за надлежното тело.Во согласност со Сингапурската конвенција за медијациски спогодби основни причини поради кои може да се одбие извршувањето на спогодбата склучена по пат на медијација се следниве: неспособност на странката во спогодбата за медијација, неизвршност на медијациската спогодба според важечкиот закон, неконечност на медијациската спогодба, доколку медијациската спогодба не обврзува според сопствените услови, ако обврската која произлегува од медијациската спогодба претходно била извршена, обврската која произлегува од спогодбата донесена во медијациската постака не е јасна или не е разбирлива, во текот на донесувањето на медијациската спогодба медијаторот сериозно ги прекршил стадиумите на медијацијата, доколку медијаторот не успеал да открие дека постојат факти или околности кои создаваат оправдано сомневање за непристрасност или независност, доколку извршувањето на медијациската спогодба е во спротивност со јавната политика на државата потписничка во која се бара извршување, доколку предметот на спорот не е медијабилен според законот на државата потписничка на Конвенцијата.

**Референтна литература**

Hague Convention on Choice of Court Agreements 2005
O'Neill J.;The new Singapore Convention: will it be the New York Convention for mediation?,Thomson reuters, 2018
PhillipsF. Peter.;Concerns on the New Singapore Convention, Business Conflict Blog, 2018
Schnabel T.; The Singapore Convention on Mediation: A Framework for the Cross-Border Recognition and Enforcement of Mediated Settlements, 19 Pepp. Disp. Resol. L.J. 1, 2018
United Nations Convention on International Settlement Agreements Resulting from Mediation, 2018
United Nations, Report of the United Nations Commission on International Trade Law, Fifty-first session (25 June–13 July 2018)
VerbistH.; Instruments on Enforcement of International Commercial Settlement Agreements Resulting from Mediation, Forum for International Conciliation and Arbitration, Brussels, 2018
Зороска Камиловска Т.; Медијацијата како алтернатива на судењето – нека спорот стане договор, Зборник на Правниот факултет Јустинијан Први во Скопје, Скопје